USAID
ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД




## За експлоатација на минералните суровини државата наплатува само 8 милиони евра годишно

264 фирми имаат добиено концесија од Министерството за економија за да користат минерални суровини. Вкупно се издадени 358 вакви концесии. Површината на земјата која е опфатена со овие концесии е 349 километри квадратни што е 1,4 % од вкупната територија на државата.

Вкупно се експлоатираат 50-тина видови минерални суровини. Најмногу концесии има издадено за експлоатирање на варовник, 110, за вода, 47 и за песок и чакал 43 концесии. За експлоатација на мермер има издадено 33 концесии, за кварц 30 концесии и за глина 15 концесии.

*264 фирми експлоатираат околу 50 видови минерални суровини на површина од 350 квадратни километри. Издадени се вкупно 358 концесии, од кои најмногу за експлоатација на варовник, вода и песок. Најмногу концесии се издадени на територијата на Прилеп, Гостивар и Струга.*

Сите податоци за концесионерите, суровините што ги експлоатираат, големината на концесиската површина, локацијата, како и износите на надоместоците се дадени во база на податоци во отворен формат за натамошно користење. Податоците се однесуваат за 2019 година.

USAID
ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД

## Суровини со најмногу издадени концесии



| Минерална суровина | Број на издадени концесии |
| --- | --- |
| Варовник | 110 |
| Вода | 47 |
| Песок и чакал | 43 |
| Мермер | 33 |
| Кварц | 30 |
| Глина | 15 |

Кога станува збор за територијата на која се издадени концесиите и се експлоатираат минералните суровини, најмногу концесии се издадени за експлоатација на суровини на територијата на општина Прилеп, вкупно 32. Следат општина Гостивар со 21 концесија, Струга со 18 концесии и Сопиште со 15 концесии.

## Општини со најголем број концесиски договори за експлоатација на суровини



| Општина | Број на концесиски договори | Претежни суровини што се експлоатираат |
| --- | --- | --- |
| Прилеп | 32 | мермер, оникс и травертин |
| Гостивар | 21 | варовник |
| Струга | 18 | варовник |
| Сопиште | 15 | варовник и мермер |
| Куманово | 13 | варовник и вода |
| Кичево | 12 | варовник и железо |
| Битола | 11 | минерална вода |
| Струмица | 11 | песок, чакал, варовник |
| Дебар | 10 | минерална вода и гипс |
| Ранковце | 10 | кварц и бетонитска глина |

Една петтина од вкупно 264-те концесионери имаат повеќе од една концесија. Најмногу концесии по девет, имаат Цементарница УСЈЕ од Скопје и градежната фирма Гранит од Скопје. Следна фирма, со шест концесии е МИСА-МГ од Скопје, а пет концесии има Кнауф Радика од Дебар.

## Фирми со најмногу концесии



| Концесионер | Број на издадени концесии | Вкупно платен концесиски надомест во 2019 година (евра) |
|---|---|---|
| Цементарница УСЈЕ Скопје | 9 | 199.390 |
| ГД Гранит Скопје | 9 | 74.983 |
| МИСА-МГ Скопје | 6 | 5.881 |
| КНАУФ Радика Дебар | 5 | 54.928 |
| Бауер БГ Скопје | 4 | 1.073 |
| Жикол Струмица | 4 | 25.356 |
| ЕМВИ-КОМЕРЦ Василево | 4 | 3.563 |
| ЈП за Државни патишта | 4 | 613 |

За добиените концесии се плаќа надомест по две основи: (1) фиксен надомест по километар квадратен за користење на просторот, односно површината за експлоатација на минералната суровина и (2) надомест за експлоатираната количина од минералната суровина, како процент од вредноста или фиксен износ. Висините и процените на овие надоместоци се определени во „Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците за издавање на дозволи и концесии за вршење детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини“.

По првата основа, односно од надоместот за површината за експлоатација на суровината, годишно се прибираат само околу 800 илјади евра, додека по втората основа, за количината на експлоатираната суровина се прибираат 7,2 милиони евра.

Најголем надомест за експлоатација на руда во земјава плаќа рудникот Саса, 2,2 милиони евра годишно. Следен, со годишен надомест од 1,2 милиони евра е рудникот Бучим. Само Саса и Бучим заедно годишно плаќаат дури 43 % од вкупните пари што се слеваат во државната каса за експлоатацијата на суровините. Трети се Електрани на Северна Македонија со надомест од 872 илјади евра.

Инаку, од сите 358 доделени концесии, само 19, односно 5,3 % не го платиле пресметаниот надоместок за користење на просторот за 2019 година, додека само за три концесии или за 0,8 % од сите концесии за 2019 година не е платено надомест за експлоатација.

## Концесионери што плаќаат најголем надомест



| Концесионер | Вкупно платен концесиски надомест во 2019 година (евра) |
|---|---|
| Рудник Саса М. Каменица | 2.261.760 |
| Бучим Радовиш | 1.222.016 |
| Електрани на С. Македонија | 872.059 |
| Булмак 2016 Пробиштип | 739.854 |
| Фимар Балкан Скопје | 405.882 |
| Мермерен комбинат Прилеп | 310.241 |
| Цементарница УСЈЕ Скопје | 199.390 |
| Пелистерка Скопје | 96.891 |
| Ларин Мрамор Компани Скопје | 87.365 |
| РИ Енергетика Пела | 85.638 |
| Кожувчанка Кавадарци | 78.878 |
| ГД Гранит Скопје | 74.983 |
| Скопски Легури Мајнинг | 71.120 |
| ТГС Технички гасови Скопје | 59.402 |
| КНАУФ Радика Дебар | 54.901 |

Кога станува збор за големината на површината од која се експлоатираат суровините, најголема концесиска површина од 32 километри квадратни има државната Електрани на Северна Македонија за експлоатација на јаглен. По неа со површина од 29 километри квадратни има Енергетика Пела за експлоатација на олово, цинк, злато, сребро и бакар. Следуваат Скопски легури кои експлоатираат манган на концесиска површина од 24 километри квадратни.

## Концесионери со најголема концесиска површина



| Концесионер | Вкупна концесиска површина во 2019 година (во км$^2$) | Суровини што се експлоатираат |
|---|---|---|
| Електрани на С. Македонија | 31,6 | јаглен |
| РИ Енергетика Пела | 29,3 | олово, цинк, злато, сребро, бакар |
| Скопски Легури Мајнинг | 24,3 | манган |
| Силген Ресурсис Интернешнл | 16,9 | бакар, злато, сребро |
| Еуромакс Ресоурцес | 13,7 | бакар, злато |

Базата на податоци за концесиите на минерални суровини, во отворен формат, е дадена во прилог на оваа анализа. Таа содржи податоци за концесионерите, договорите, експлоатираната суровина и надоместоците што се платени за 2019 година, обезбедени од Министерството за економија преку користење на слободниот пристап до информации од јавен карактер.

*  *  *

*Ова истражување и базата на податоци се подготвени од Центарот за граѓански комуникации во рамки на Проектот за граѓанско учество со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Содржината во ова истражување и во базата на податоци е одговорност на авторите и не ги изразува ставовите на Агенцијата на САД за меѓународен развој или на Владата на Соединетите Американски Држави.*